РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-125/2

09-11-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ---------------------------------------------------------------------------------------------------- на Република Северна Македонија, на 40-тата седница одржана на 06.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител – --------------------------------------------------------------------- на Република Северна Македонија, на ден 06.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-5088/1 од 06.11.2019 година, во која се укажува на сомневање за сторено дело бесправно градење од член 244-а од Кривичниот законик на објект на ул. Стојко Јовановски на КП 565/1, КП 565/2, КП 565/4 и КП 565/5 Општина Чаир, од страна на непознат инвеститор.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот бидејќи не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-5088/1 од 06.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5088/1 од 06.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – -------------------------------------------------------------------------- на Република Северна Македонија.

Во пријавата се укажува на сомневање за сторено дело бесправно градење од член 244-а од Кривичниот законик на објект на ул. Стојко Јовановски на КП 565/1, КП 565/2, КП 565/4 и КП 565/5

Општина Чаир, од страна на непознат инвеститор. Исто така, се укажува на сомневање дека истиот инвеститор спротивно на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, оштетувајќи го буџетот на Република Северна Македонија избегнал плаќање на комуналии и го легализирал објектот спротивно на Деталниот урбанистички план.

Како што е наведено во доставеното барање, инспекторатот постапувал по иницијатива од група граѓани доставена на 05.12.2018 година, а согласно законските надлежности за постапување по претставки, по која иницијатива доставил барање за известување до Овластениот градежен инспектор при Општина Чаир на кое не е добиен одговор, по кое следувала ургенција на која исто така не е добиен одговор. Инспекторатот согласно своите законски надлежности извршил вонреден инспекциски надзор во Општина Чаир на 04.04.2019 година, но не било обезбедено присуство на овластен градежен инспектор. При повторната најава по псимен пат за вршење на вонреден инспекциски надзор во општината на ден 23.05.2019 година, повторно не било обезбедено присуство на овластен градежен инспектор. Во барањето се наведува дека до моментот на негово поднесување до Државната комисија не е постапено ниту одговорено по барањата на инспекторатот.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот со допис бр.12-5088/3 од 03.12.2019 година побара од Општина Чаир да достави целосна информација со прилог документација за изградбата на објект на ул. Стојко Јовановски на парцели КП 565/1, КП 565/2, КП 565/4 и КП 565/5 во општината.

По барањето на Државната комисија доставен е одговор од страна на Општина Чаир заведен под бр.12-125/1 од 10.01.2020 година со прилог бараната документација со образложение за текот на постапката, законските основи и преземените дејствија. Со овој допис, општината информира дека согласно Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, во Општина Чаир во законски предвидениот рок се доставени неколку барања за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, односно за објектот кој се наоѓа на ул. Стојко Јовановски на КП 565/1; КП 565/2; КП 565/4 и КП 565/5 сите КО Центар 1. Во дописот, општината ги именува физичките лица подносители на барањата со дадени архивски броеви под кои се заведени истите.

Во одоговорот се наведува дека пресметката за плаќање на комуналиите е направена од страна на Град Скопје, согласно член 20 став 1, став 3 и став 9 од горенаведениот закон и за сите предмети кои се веќе завршени во Општина Чаир е платен надоместокот утврден од страна на Град Скопје. Со самиот факт дека објектот е предмет на легализација согласно Законотза утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се подразбира дека истиот објект не е вклучен во деталниот урбанистички план, кој закон ги опфаќа дивоизградените објекти. Во прилог на одговорот се доставени урбанистички согласности за бесправен објект, заклучок за одредување на надоместок за утврдување на правен статус

на бесправно изграден објект, потврда за извршена исплата и решение за утврдување на правен статус на бесправен објект кои се однесуваат на горенаведениот објект.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што постапката по предметот се запира и истиот се доставува на надлежно постапување на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:

Изработил: Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**